Број 4 Година XVII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, февруари 2023

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, донесена на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1143/1**
**Датум:13.02.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџети („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Советот на Општина Карпош на дваесет и првата-вонредна седница, одржана на ден 10 февруари 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2023 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| АОО СОВЕТ НА ОПШТИНА | | | | | |
| 412110 Постојана резерва | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЕОО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2023 година.

**Број:09-1023/3**
**Датум:10.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за обезбедување средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес од 6 февруари 2023 година на Република Турција (Туркије) и Сириска Арапска Република**

1. Се објавува Одлуката за обезбедување средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес од 6 февруари 2023 година на Република Турција (Туркије) и Сириска Арапска Република, донесена на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/2
Датум:13.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, донесе

## ОДЛУКА
**за обезбедување средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес од 6 февруари 2023 година на Република Турција (Туркије) и Сириска Арапска Република**

### Член 1
Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош одобрува 1.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, од кои 500.000,00 денари на Република Турција (Туркије) и 500.000,00 денари на Сириска Арапска Република на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес од 6 февруари 2023 година.

### Член 2
Паричните средства-жиралните давања од член 1 од оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, Програма А00 Совет на општина, ставка 412 - постојана резерва, под ставка 412 110 - постојана резерва.

### Член 3
Градоначалникот на Општина Карпош ќе изврши уплата на солидарна помош во жирални давања во износ од најмалку 10 проценти од една месечна плата.

Членовите на Советот на Општина Карпош ќе извршат уплата на солидарна помош во жирални давања во износ од најмалку 10 проценти од еден месечен надомест за присуство на седници-паушал.

Се повикува општинската администрација да изврши уплата на солидарна помош во жирални давања од најмалку 1 процент од една месечната плата.

Се повикуваат сите физички и правни лица од Општина Карпош да извршат уплата на солидарна помош во жирални давања.

**Член 4**

Уплатите на хуманитарната помош ќе се реализираат преку уплата на посебна сметка на Општина Карпош:

- **Цел на дознака**: уплата за солидарна помош за Турција и Сирија
- **Назив и седиште на примач**: Донаторска сметка за Турција и Сирија
- **Банка на примач**: Народна банка на Република Северна Македонија
- **Трансакциска сметка**: 100000000063095
- **Сметка на Буџетски корисник-единка корисник**: 7790141157 789 44
- **Приходна шифра и програма**: 725939 00

**Член 5**

Вкупните уплатени средства од посебната сметка ќе се поделат на два еднакви дела, половина од вкупниот износ за Република Турција (Туркије) и половина од вкупниот износ за Сириска Арапска Република и истите ќе бидат уплатени на официјалните сметки за таа намена на двете држави.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спорведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број:09-1023/4
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година, донесена на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1143/3**
**Датум:13.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.25/2022“), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), во II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

1. Во точка 4.Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, - во Опис на активности „Комисија составена од членови на Советот на Општина Карпош и вработени во администрацијата, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици“ се менува со „Комисија составена од 5 (пет) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици“.
2. Во точка 6. Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, се врши изменување на следниот начин:
   Во Опис на активности, во делот „За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од пет члена (два члена од општинската администрација и три члена од членовите на Советот на Општина Карпош) која ќе ги разгледува апликациите“ се менува со „За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ќе ги разгледува апликациите“.
3. Во точка 7.Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието, се врши изменување на следниот начин:

- Во Опис на активности, во делот „По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од членови на Советот на Општина Карпош и вработени во

општинската администрација.“ се менува со „По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата“.

4. Во точка 8.Награди за најдобро уреден еко-училишен двор во делот „Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор ќе го врши Комисија ќе биде формирана од Градоначалникот, составена од 3 (три) членови од Советот на Општина Карпош и 2 (два) члена од општинскатаадминистрација“ се менува со „Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата“.
5. Во точка 12.Хорски натпревар меѓу училиштата, во Опис на активности како последна реченица се додава:
   „Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.“
6. точка 13.Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош „Карпош има талент“ во Опис на активности се менува: Во делот „Изборот на најдобрите го врши комисија составена од стручни лица, а Општината на најдобрите им доделува награди“ се менува и гласи: „Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата“ и

- Во делот после Трошоци, се додава „Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.

Овластувањето подразбира:

-Донесување Одлука,

-Објава на повик

-Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот

-Записник

- Извештај

- Одлука за определување

- Известување за избор

- Решенија за исплата

-Донесување и други акти во врска со предметната постапка“

7. Во точка 14.Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош Избор на најдобра литературна творба, во Опис на активности се менува:

Во делот „За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува Комисија формирана од Градоначалникот во состав од три членови –надворешни лица, стручни и истакнати лица во областа“ се менува и гласи „За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата“.

8.Во делот „Вкупна предвидена финансиска рамка, износот од 15.240.000,00 (петнаесет милиони двеста и четириесет илјади денари)“ се брише а на негово место се запишува износот од 15.440.000,00 (петнаесет милиони четиристотини и четириесет илјади денари)“.

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 4 гласи:

| 4. | **Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на меѓународни, државни и градски натпревари.<br>Огласот за стипендии за телентирани ученици ќе се објави за учебната 2023/2024 година.<br><br>Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:<br><br>-Прва категорија 3.000,00 денари,<br><br>-Втора категорија 2.500,00 денари.<br><br>Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на |

| | |
|---|---|
| | Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици.<br><br>На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по јавен оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми. |
| **Услови за доделување стипендија, Критериуми за доделување стипендија и Потребни документи за доделување на стипендија** | **Услови за доделување стипендија**:<br><br>-Да се жители на општина Карпош (адреса на живеење).<br>-Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош.<br>-Да имаат освоено I или II место на натпревари (градски, државни, меѓународни). |
| | **Критериуми за доделување стипендија**:<br>Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I или II место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од Министерство за образование и наука.<br><br>Освоени I или II место на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII за редовни ученици во 8 одделение, односно од VII до IX одделение за редовни ученици во 9 одделение:<br><br>- I и II место на **градски (регионални)** натпревари (2 бода, 1 бод);<br>- I и II место на **државни** натпревари (6 бода, 3 бода );<br>- I и II место на **меѓународни** натпревари (8 бода, 7 |

| | |
|---|---|
| | бода, во прилог потврда од организаторот на натпреварот дека учествувале минимум 3 (три) или повеќе држави на меѓународниот натпревар).<br><br>Втора категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 4 (четири) бодови до 5 (пет);<br>Прва категорија ќе се додели на ученици кои освоиле од 6 (шест) и повеќе бодови.<br>*Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани.<br><br>**Потребни документи за доделување стипендија:**<br>Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:<br>-Документ како доказ дека живее во Општина Карпош (лична карта од родител/старател);<br>-Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2023/2024 во општинското основно училиште од територија на Општина Карпош;<br>-Фотокопии од дипломи од освоени места на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI и VII одд. за редовни ученици во VIII одд и од VII и VIII одд. за редовни ученици во IX одделение;<br>-Препорака од класниот раководител или предметниот наставник; |
| Стратешки насоки и цели: | Целта е да се стимулира и развива талентот на овие ученици, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат успеси. |
| Очекувани резултати: | -учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.000.000,00 |
| Трошоци | Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година. |
| Организатор | Општина Карпош |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош<br>- Објава на јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош<br>- Формирање на комисија<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици<br>- Известување за избор на одобрените стипендии за талентирани ученици<br>- Подготовка на решенија за исплата стипендии за |

| | |
|---|---|
| | талентирани ученици<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 6 гласи:

| 6. | Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимават со активности во областа образование и ќе биде наменета за реализација на проекти, едукации, доедукации, доквалификации и друг вид барања од областа на образованието, до 30.000,00 (триесет илјади) денари. За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ќе ги разгледува апликациите.<br>Право на аплицирање имаат лица жители на Општина Карпош, кои реализираат активности од областа на образованието.<br>По реализирање на активноста лицето е должно да достави извештај за реализираната активност. |
| Стратешки насоки и цели: | - Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието на лица од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подигнување на нивото за едукација на ученици, наставен кадар и поединци жители на Општина Карпош |
| Целна група: | Жители на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 600.000.00 денари |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | Трошоци поврзани со финансиска поддршка |

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 7 гласи:

| 7. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Оштината распишува Јавен оглас на кој право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош, здруженија и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејноста образование.<br>Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2023 година.<br>По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.<br>По реализирање на проектот, апликантот е должен да достави извештај за активности и финансиски извештај за реализираниот проект и сметки за одобрените финансиски средства од страна на Општина Карпош. |
| **Потребни документи, услови и критериуми** | **I. Потребни документи и услови за учество**<br>**За физички лица:**<br>-Лична карта во фотокопија;<br>-Изработен проект;<br>-Финансиски план на проектот;<br>**За правни лица:**<br>-Изработен проект;<br>-Финансиски план на проектот;<br>-Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, не постара од 6 (шест) месеци од денот на |

| | |
|---|---|
| | доставување;<br><br>-Портфолио<br><br>**II. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**<br>1. Проектот да е од посебен интерес за учениците и жителите на Општина Карпош<br><br>2. Проектот да предвидува вклучување на учениците/наставниците/стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменет за нив. |
| Стратешки насоки и цели: | -Поттик за едукација, доедукација и усовршување<br>-Мотивирање на жители од Општина Карпош за државни и меѓународни постигнувања |
| Очекувани резултати: | Стекнување со поголемо знаење и вештини во областа на образованието.<br>Едукација и професионално усовршување, поголеми успеси на државно и меѓународно ниво и реализација на поддржаните проекти. |
| Целна група: | Физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и други во Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 600.000.00 денари |
| Трошоци: | Трошоци поврзани со проекти |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира: |

| | |
|---|---|
| | - Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 8 гласи:

| 8. | Награди за најдобро уреден еко-училишен двор<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Соцелподигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животнатасредина и рециклирањето, какомодел за заштита на животнатасредина, училиштатаќесенатпреваруваат за најдоброуреденеко-училишендвор (катчеи уреденост на дворот).<br><br>Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. Комисијата при оценувањето треба да земе во предвид и уреденоста т.е. хигиената на целиот училишен двор, преземени активности за чистење и одржување на училишниот двор од самите ученици.<br><br>Наградените училишта добиваат парична награда во висина од: |

| | |
|---|---|
| | 70.000 денари-првоместо<br><br>50. 000 денари-второместо<br><br>Предвидено е оваа активност да се реализира во период март-мај 2023 година |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиска поддршка за основните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба |
| Очекувани резултати: | Поттикната мотивираност и креативност за создавање на  здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес |
| Целна група: | Основни општински учиилишта од Општина Карпош<br><br>Ученици, родители и наставници од основните општински училишпта на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000.00 |
| Трошоци | Трошоци за награди |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор |

| | |
|---|---|
| | - Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 12 гласи:

| 12. | Хорски натпревар меѓу училиштата<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Училишните хорови на основните општински училишта на територија на Општина Карпош се формирани во училиштата од страна на наставникот по музичко образование. Истите работат континуирано во текот на целата учебна година одржувајќи проби и подготвувајќи композиции во хорска изведба.<br>Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата, како круна на годишната работа на хоровите е предвидено да се одржи во просториите на едно од основните општински училишта на територија на Општина Карпош каде со награди ќе се закитат трите најдобри хорови. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат.<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. |
| Стратешки насоки и цели: | Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште |
| Очекувани резултати: | -Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците<br>-Ослободување од трема за сценски настап |
| Целна група: | Учениците од училишните хорови од општинските основни |

| | |
|---|---|
| | училишта на територија на Општина Карпош и нивните ментори |
| Предвидена финансиска рамка: | 40.000,00 денари |
| Трошоци: | -<u>Награди</u> (10.000,00 ден - прво место и 8.000,00 ден - второ место)<br><br>- озвучување<br><br>- негазиран пијалок за учесниците |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

По изменувањето и дополнувањето од Програмата за активностите, точка 13 гласи:

| | |
|---|---|
| 13. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош<br>„Карпош има талент“<br>Реализатор: Општина Карпош |
| Опис на активности: | Активности од учениците по повод роденденот на општината како што се манифестацијата Карпош има |

| | |
|---|---|
| | талент. Во одбележувањето на денот на општината земаат учество сите училишта со што се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.)<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| Очекувани резултати: | -Заинтересираност за учество кај учениците<br>-Мотивираност за негување на талентите и<br>-Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| Целна група: | Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош, наставниците и родителите |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Трошоци: | Карпош има талент<br>-<u>Награди</u> за најдобрите три учесници (9.000,00ден -прво место, 6.000,00 ден- второ место и 3.000,00 ден- трето место) - 18.000,00 денари + вклучен персонален данок<br>-Други активности<br>Изнајмување сала, украсување, озвучување, дипломи и пофалници, водител |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука,<br>- Објава на повик<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на |

| | |
|---|---|
| | членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

По изменувањето и дополнување од Програмата за активностите, точка 14 гласи:

| 14. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош<br>Избор на најдобра литературна творба<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | По повод одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош, општината предвидува „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“. Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават по 1 (една) литературна творба (поезија или проза), од ученици од прво до петто и по една од шесто до деветто одделение од сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош. За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира комисија за избор на 1 (една) најдобра литературна творба од училиштето која ќе ја достави до Општина Карпош, во затворен плик, со назнака за „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“, со назив на училиштето. Членовите на училишната комисија треба да се од наставниот кадар, наставници по одделенска настава или наставници по македонски јазик, избрани од Наставнички совет на ООУ.<br>За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува |

| | |
|---|---|
| | Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.<br>За изборот на најдобра литературна творба согласно литературниот конкурс ќе се доделат 3 (три) награди за ученици од прво до петто одделение (одделенска настава) и 3 (три) награди за ученици од шесто до деветто одделение (предметна настава).<br><br><u>Награди за литературна творба за одделенска настава:</u><br>Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари<br>Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари<br>Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари<br><u>Награди за литературна творба за предметна настава:</u><br>Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари<br>Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари<br>Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста и талентот за пишување кај учениците и поттикнување на натпреварувачки дух |
| Очекувани резултати: | -Поттикнување и откривање на талентот за пишување кај учениците<br>-Мотивирање и можност за развивање на талентот<br>-Дружење меѓу учениците |
| Целна група: | Учениците од општинските основни училишта под ингеренција на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 100.000,00 денари |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на |

| | |
|---|---|
| | членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 15.440.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

V. Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број:09-1023/5
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, донесена на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/4 — ГРАДОНАЧАЛНИК
Датум:13.02.2023 година — НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје — Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 25/22) во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:
   Во точка 9. Финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, во делот :
   -Опис на активности

   Во точка 9. Финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, во делот :
   Опис на активности „ Поднесените проекти ќе ги разгледува и одлучува комисија од тројца советници од Советот и двајца вработени во администрацијата “ зборот тројца се брише и на негово место се додава зборот петмина .

По изменувањето и дополнувањето точката 9 гласи :

| 9. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на детската,социјалната и здравствената заштита** |
|---|---|
| Опис на активности: | Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита ( унапредување на предучилишниот воспитно-згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош).<br><br>Постапката ќе се одвива преку објавување на оглас, ,кој ќе биде отворен во текот на целата година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Поднесените проекти ќе ги разгледува и одлучува комисија од петмина советници од Советот и двајца вработени во администрацијата.по оглас ќе ја спроведе комисија за проектни активности. |
| Стратешки насоки и цели: | - Унапредување на воспитно згрижувачкиот процес во предучилишните установи,<br><br>-Поддршка на стари лица,<br><br>- Превентивни активности и ресоцијализација за маргинализираните категории на граѓани на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подобрување на квалитетот на живот на наведените категории на жители на Општина Карпош |
| Целна група: | Деца и вработени во предучилишни установи,<br><br>стари лица и маргинализирани групи на граѓани. |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 700 000,оо ден<br><br>Општина Карпош |
| Овластување: | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази за поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “ .

Број:09-1023/6
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за членови во Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година**

1. Се објавува Решение за членови во Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, донесено на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/5 ГРАДОНАЧАЛНИК

Датум:13.02.2023 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, II. Проектни активности, точка 4. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, точка 6. Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието,точка 7. Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието, точка 12. Хорски натпревар меѓу училиштата, тока 13. Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош „Карпош има талент“ и точка 14. Избор на најдобра литературна творба („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022) Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за членови во Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година

1. Со ова решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува-именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за активности на Општина

Карпош од областа на образованието за 2023 година за II. Проектни активности, точка 4. Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта, точка 6. Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието, точка 7. Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието, точка 12. Хорски натпревар меѓу училиштата, точка 13. Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош „Карпош има талент“ и точка 14. Избор на најдобра литературна творба и тоа:

- Јахји Мемедов – член на Совет на Општина Карпош
- Роберт Вељановски – член на Совет на Општина Карпош
- Ивана Стоименовска – член на Совет на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени

во општинската администрација на Општина Карпош и 2 члена заменици вработени во општинската администрација.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош, до членовите на Комисијата и до Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование, на понатамошно постапување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број:09-1023/7
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата за 2023 година**

1. Се објавува Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата за 2023 година, донесено на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/6
Датум:13.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5; на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/22), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата за 2023 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги верификува - именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата (составена од 5

члена, од кои 3 члена претставници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

- Гордана Ивановска Велковска – член на Совет на Општина Карпош,
- Роберт Ваљановски – член на Совет на Општина Карпош,
- Христо Саракинов – член на Совет на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за култура и спорт, на понатамошно постапување.

4. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број:09-1023/8
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, донесено на

дваесет и прва (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1143/7**
**Датум:13.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина карпош во обласа на спортот за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги верификува - именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови во Комисијата за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина

Карпош

(составена од 5 члена, од кои 3 члена представници на Советот на Општина Карпош и 2 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

-Дејан Лазаревски – член на Совет на Општина Карпош,
- Давор Грче – член на Совет на Општина Карпош и
- Славко Митевски – член на Совет на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош и 2 члена заменици вработени во општинската администрација.

3. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за култура и спорт, на понатамошно постапување.

4. Составот на Комисијата да се верификува со решение од Градоначалникот.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број:09-1023/9
Датум:10.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за именување-верификација на членови од Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година, донесено на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/8
Датум:13.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36 став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Програмата за активности на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, Глава II Проектни активности, Точка 9, Финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување-верификација на членови од Советот на Општина Карпош за формирање на Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година**

1. За
реализација на активностите од Глава II, точка 9, од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, се формира Комисијата во следен состав:
- Татјана Стојановска – член на Совет на Општина Карпош,
- Владимир Бислимовски– член на Совет на Општина Карпош,
- Роберт Вељановски – член на Совет на Општина Карпош,
- Ивана Стоименовска – член на Совет на Општина Карпош,
- Зоран Краљевски – член на Совет на Општина Карпош

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение ќе именува 2 члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош

3. Комисијата од точка 1 на ова решение е должна доставената документација за доделување на еднократна парична помош претходно да ја проверува, да подготвува мислење и истите да ги доставува до Градоначалникот на Општина Карпош.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “.

**Број:09-1023/10**
**Датум:10.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за формирање на Комисија за избор на награди за најдобро уреден еко-училишен двор за 2023 година**

1. Се објавува Решение за формирање на Комисија за избор на награди за најдобро уреден еко-училишен двор за 2023 година, донесено на дваесет и првата (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1143/9
Датум:13.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, Глава II Проектни активности, точка 8. Награди за најдобро уреден ЕКО-училишен двор („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и првата (вонредна) седница, одржана на 10 февруари 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за формирање на Комисија за избор на награди за најдобро уреден еко-училишен двор за 2023 година

1. Со ова решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избор и именувања ги верификува - именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови на Комисијата за избор на Награди за најдобро уреден еко -

училишен двор, II. Проектни активности, точка 8. Избор на најдобро уреден еко - училишен двор, во следниот 4

- Татјана Стојановска – член на Совет на Општина Карпош,
- Марјан Стефановски – член на Совет на Општина Карпош,
- Зоран Краљевски – член на Совет на Општина Карпош.

2. Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение, ќе именува 2 (два) члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

3. Се задолжува Комисијата од точка 1 на ова решение, да изврши избор и оценување за најдобро уреден ЕКО-училишен двор. Наградените училишта ќе добијат парична награда во висина од:

- 70.000 денари - прво место
- 50.000 денари - второ место

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош, до именуваните членови и до Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование, на понатамошно постапување.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број:09-1023/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум:10.02.2023 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Бранко Ристов, с.р.

СОДРЖИНА

1. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2023 година, со Решение за објавување,
2. Одлука за обезбедување средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година на име солидарна помош во жирални давања за настраданите подрачја во катастрофалниот земјотрес од 6 февруари 2023 година во Република Турција (Туркије) и Сириска Арапска Република, со Решение за објавување,
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година, со Решение за објавување,
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година, со Решение за објавување,

5. Решение за формирање Комисија за реализирање на програмските активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, со Решение за објавување,
6. Решение за верификација - именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за Карпошово културно лето 2023 и Уметничко творештво – Конкурс за поддршка на проекти од областа на културата за 2023 година, со Решение за објавување,
7. Решение за именување - верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, со Решение за објавување,
8. Решение за именување-верификација на членови од Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2023 година, со Решение за објавување и
9. Решение за формирање Комисија за избор на награди за најдобро уреден еко-училишен двор за 2023 година, со Решение за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 8примероци